# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**27.02.2015 год.** **Бр.II**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.гласник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите***
***донесени на 31-та седница***
***на Советот на Општина Крушево***
***одржана на ден 26.02.2015 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 31-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 26.02.2015 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-241/1 од 27.02.2015 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на триесет и првата седница, одржана на 26.02.2015 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 30-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 16.01.2015 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-226/3 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 18 став 1 точка 4 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за утврдување на приоритет за***
***реконструкција на***
***постојната водоводна мрежа во Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат приоритет за реконструкција на постојната водоводна мрежа во Крушево (во опфат на ГУП Крушево).

**Член 2**

Општина Крушево ја утврдува како приоритет реконструкцијата на постојната водоводна мрежа во Крушево, за да може да се аплицира во Европска Инвестициона Банка, преку Министерството за транспорт и врски на Р.Македонија и средствата од ЕУ ИПА-грантот за рурална инфраструктура.

**Член 3**

Реализацијата на овој Проект ќе се води преку Министерството за транспорт и врски на Р.Македонија и Министерството за финансии на Р.Македонија-Канцеларија на Светска Банка во Р.Македонија-Проект за подобрување на општинските услуги.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/4 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа("Службен весник на Р.М." бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ.” бр.61/2004; 96/2004; 67/07; 156/09 и 47/11) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево бр. 1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

***О Д Л У К А***
***за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2015 година***

**Член 1**

Во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2015 година бр.07-1030/5 од 30.12.2014 година се врши измена во членот 20.

Членот 20 се менува и гласи:

„Вработувањата во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на општината. Градоначалникот дава писмено известување за обезбедените средства.

Локалните јавни установи од обласа на културата, образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Македонија, за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од Градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација”.

**Член 2**

Во член 12 став 5 после зборот архивар буквата „и” се брише и се става запирка, а после зборот „јавни набавки” се додава „и Советник за аналитика и планирање на ЛЕР”.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува од 01.01.2015 година.

**Бр.08-226/5 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 74 став 8 од Законот за градење (“Сл.Весник на РМ”бр.130/09; 124/10; 18/11; 36/11; 54/11; 13/12; 144/12; 25/13; 79/13; 137/13; 163/13; 27/14; 28/14; 42/14; 115/14; 149/14 и 187/14), член 19 став 1 алинеја 6 од Правилникот за формата и содржината на барањето, потребната докуменатција и образецот на решението за изведување на градби односно поставување на опрема за кои не е потребно одобрение за градење (“Сл.Весник на РМ”бр.4/2015), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр.5/2005) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („ Сл. гласник на Општина Крушево“ бр. 1/2007 и 16/2014) , Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање согласност за изградба на Спортска Сала во с.Бучин***

**Член 1**

Советот на Општина Крушево дава Согласност за изградба на Спортска Сала во с.Бучин, КП бр.4299/1 и КП бр.4315 КО Бучин, сопственост на Општина Крушево.

**Член 2**

Финансиските средства за прокетната документација и изградбата на Спортската Сала ќе бидат обезбедени од страна на Владата на Република Македонија-Агенција за млади и спорт.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/6 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за давање во закуп на недвижни ствари во сопственост на Општина Крушево-деловните објекти во склоп на Градскиот Пазар-Крушево.

**Член 2**

Општина Крушево ќе ги дава во закуп деловните објекти ПР,ДП 1-9 во склоп на Градскиот Пазар, кој се наоѓа на ул.”Илинденска„ бб. Крушево, сопственост на Општина Крушево врз основа на имотен лист бр.100183.

**Член 3**

Давањето во закуп ќе се изврши соглсно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи (“Сл.весник на Р.М.” бр.8/2005; 150/07; 35/11; 166/12; 137/13; 188/13; 27/14; 180/14), по пат на електронско јавно наддавање.

**Член 4**

Договорите за давање во закуп ќе се склучат помеѓу Градоначалникот на Општина Крушево и најповолниот понудувач.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/7 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 87 б. од Статутот на Општина Крушево ("Службен гласник на Општина Крушево" бр.1/07 и 16/2014), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за формирање на Локален Младински Совет на Општина Крушево

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува основањето на Локалниот Младински Совет на Општина Крушево (во понатамошниот текст Локален Младински Совет), делокругот на работа, постапка за избор на членовите на Локалниот Младински Совет и други прашања од значење за работата на истиот.

**Член 2**

Локалниот Младински Совет е советодавно тело на општината кој се основа со цел активно вклучување на младите во јавниот живот на Општина Крушево.

**Член 3**

Локалниот Младински Совет го сочинуваат 5 (пет) члена.

Членовите на Локалниот Младински Совет се избираат на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општината по претходна спроведена постапка и објавен Јавен повик.

Локалниот Младински Совет од своите редови избира претседател и заменик претседател, согласно Деловникот за работа на Локалниот Младински Совет.

**Член 4**

Локалниот Младински Совет во општината ги врши следните работи:
-донесува Деловник за работа на Локалниот Младински Совет;
-расправа на седници на Локалниот младински совет за прашања значајни за нивната работа;
-расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од интерес за работата на младите;
-му предлага на Советот на општината донесување на одлуки, програми и други акти од значење за младите од општината;
-му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од значење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
-му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да ги донесе;
-соработува во изработката и го следи спроедувањето на локалните акти за млади, донесени од страна на општината;
-изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по потреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми и подобрување на положбата на младите на локално ниво;
-организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други активности во врска со младинските прашања;
-информира и промовира за активностите на Локалниот младински совет;
-ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со младите од другите општини;
-по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници и
-врши и други работи од интерес за младите.

**Член 5**

Претседателот го застапува и претставува Локалниот Младински Совет.

Претседателот на Локалниот Младински Совет ги свикува и раководи со седниците, се грижи за организацијата и работата на Советот.

Локалниот Младински Совет одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во 2 (два) месеци.

Претседателот на Локалниот Младински Совет е должен да свика вонредна седница на Локалниот Младински Совет на предлог од најмалку 3 (три) члена на Советот.

Седниците на Локалниот Младински Совет се јавни.

**Член 6**

Локалниот Младински Совет ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните членови, ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупено избраните членови.

**Член 7**

Начинот на работа на Локалниот Младински Совет поблиску се уредува со Деловник за работа на Локалниот младински совет, кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Локалниот Младински Совет.

Локалниот младински совет може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/8 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ 5/2002) и член 12 и 21, став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (Службен гласник на општина Крушево 1/2007 и 16/2014), а по претходно направена процена за потреба од воспоставување на меѓуопштинска соработка, Советот на Општината Крушево, на 31-та седница одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините
Битола, Долнени, Ресен, Прилеп, Демир Хисар, Кривогаштани, Могила и Новаци

**Член 1**

Со оваа Одлука *се* воспоставува меѓуопштинска соработка,со општините Битола, Долнени, Ресен, Прилеп, Демир Хисар, Кривогаштани, Могила и Новациза поефикасно вршење на надлежностите во локалниот и регионалниот развој.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку Интегрирана мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион како постојано заедничко работно тело на сите општини од Пелагонискиот плански регион.

**Член 3**

Постојаното заедничко работно тело го сочинуваат по еден преставник од одделенијата за ЛЕР од секоја општина која што воспоставува меѓуопштинска соработка, како и по еден претставни од Здружение на граѓани „АКАДЕМИК„ Крушево.

По потреба, без право на одлучување во работата на постојаното заедничко работно тело може да се вклучат и претставници на национални институции и меѓународни организации

**Член 4**

За претставник во постојаното заедничко работно тело од општина Крушево се определува Коста Мицкоски – раководител на Одделението за локален економски развој.

**Член 5**

Се овластува претседателот на советот на општина Крушево да ја потпише одлуката за формирање на постојаното заедничко работно тело -Интегрирана мрежа за регионален развој во Пелагонискиот регион.

**Член 6**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Крушево.

**Бр.08-226/10 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 35 и 38 од Законот за култура (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13 и 187/13), член 21 став 1 точка 34 и член 53 став 1 и 2 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), на барање на Домот на културата “Наум Наумовски-Борче” Крушево, Советот на

Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
***за именување на членови на УО на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. За членови на УО на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево, СЕ ИМЕНУВААТ:
- Мирјана Проеска; (од редот на вработените)
- Драган Јанкоски; (од ЕЛС на предлог на градоначалникот)
- Елена Христоска; (истакнати поединци од областа на културата)
- Зоран Николоски;
- Борис Маркоски;

2. Мандатот на членовите на УО на Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево трае четири години;

3. Примерок од ова Решение да се достави до именуваните, Домот на културата "Наум Наумовски-Борче" Крушево и Архивата на Општина Крушево.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/11 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за Управување со кризи ("Сл.весник на Р.М." бр.29/05 и 36/11) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.02.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крушево од сите ризици и опасности***

1. **СЕ УСВОЈУВА** Проценатa на загрозеност на подрачјето на Општина Крушево од сите ризици и опасности изработена од Регионалниот Центар за управување со кризи Крушево, бр.17-89/1 од 05.12.2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Со влегувањето во сила на овој заклучок, Проценатa на загрозеност на подрачјето на Општина Крушево од сите ризици и опасности се смета за донесена.

**Бр.08-226/12 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 26.02.2015 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 31.12.2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 31.12.2014 год.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-226/13 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" 1/2007 и 16/2014), Советот на Општина Крушево, на својата седница одржана на 26.02.2015 година, донесува:

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат критериумите за утврдување на пазарната вредност на земјишта во кои спаѓаат:
а) градежното земјиште, б) Земјоделското земјиште, в) шуми и г) пасишта на кои ќе се пресметува данок на имот, данок на промет на недвижности и данок на наследство и дар според просечните цени на извршените купопродажби во 2014 година на подарачјето на општината, а согласно член 12 и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр. бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) донесена од Министерство за транспорт и врски на РМ.

**Член 2**

Пазарната вредност на градежното земјиште се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби во годината која и претходи на годината за која се врши процена на земјиштето, а за земјоделско земјиште, земјоделски култури, класа, стрмнина, длабочина, ерозија и можност за иригација, користење на механизација, апсорпција на води и сл.

**Член 3**

Катастарските Општини во рамките на Општина Крушево се поделени во групи според местото каде земјоделското земјиште се наоѓа. Според тоа пазарната вредност на земјоделско земјиште за метар квадратен изнесува:

Катастарска општина од I група: Алданци, Бучин и Борино денари по м$^2$ земјиште во зависност од класата и културата

| класа | 12000 (Градина) | 13000 (Ов.градина) | 14000 (лозје) | 11000 (нива) | 15000 (ливада) | 17000 (шума) | 16000 (пасиште) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 130 | 120 | 110 | 80 | 80 | 40 | 50 |
| 2 | 110 | 90 | 90 | 70 | 50 | 35 | 25 |
| 3 | 90 | 80 | 80 | 50 | 40 | 25 | 20 |
| 4 | 70 | 50 | 70 | 40 | 25 | 20 | 15 |
| 5 | 40 | 35 | 50 | 25 | 20 | 15 | 10 |
| 6 | 20 | 15 | 25 | 15 | 15 | 7 | 8 |
| 7/8 | 10 | 7 | 10 | 77 | 7 | 5 | 7 |

Катастарска општина од II група: Пресил, Свето Митрани, Врбоец, Саждево, Милошево, Норово и Јакреново денари по м$^2$ земјиште во зависност од класата и културата

| класа | 12000 (Градина) | 13000 (Ов.градина) | 14000 (лозје) | 11000 (нива) | 15000 (ливада) | 17000 (шума) | 16000 (пасиште) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 80 | 70 | 50 | 70 | 40 | 40 | 40 |
| 2 | 70 | 50 | 40 | 50 | 35 | 35 | 35 |
| 3 | 50 | 40 | 25 | 40 | 25 | 25 | 25 |
| 4 | 40 | 25 | 20 | 25 | 20 | 20 | 20 |
| 5 | 25 | 20 | 15 | 15 | 15 | 15 | 15 |
| 6 | 20 | 15 | 7 | 7 | 7 | 7 | 7 |
| 7/8 | 15 | 7 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 |

Катастарска општина од III група: Крушево, Белушино, Селце, Острилци, Бирино, Долно Дивјаци, Горно Дивјаци, Пуста Река и Арилево денари по м$^2$ земјиште во зависност од класата и културата

| класа | 12000 (Градина) | 13000 (Ов.градина) | 14000 (лозје) | 11000 (нива) | 15000 (ливада) | 17000 (шума) | 16000 (пасиште) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 25 | 25 | 24 | 24 | 20 | 70 | 10 |
| 2 | 23 | 23 | 20 | 20 | 15 | 40 | 10 |
| 3 | 20 | 20 | 15 | 15 | 10 | 35 | 7 |
| 4 | 15 | 15 | 10 | 10 | 7 | 20 | 7 |
| 5 | 10 | 10 | 7 | 7 | 7 | 15 | 7 |
| 6 | 7 | 7 | 7 | 7 | 5 | 10 | 7 |
| 7/8 | 5 | 5 | 5 | 5 | 5 | 7 | 5 |

**Член 4**

При утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште земена е во предвид просечната цена на градежното земјиште на извршените купопродажби во 2014 година на подрачјето на општината согласно чл. 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот („Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14).
За градот Крушево одредени се 2 (две) зони и тоа:
I зона - 40 еур
II зона- 30 еур
Населените места се групирани во две групи и тоа:
I група: населено место Бучин, Пресил, Свето Митрани, Алданци, Врбоец, Милошево, Норово, Борино, Саждево, Јакреново – 13 евра.
II група: населено место Пуста Река, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Арилево, Острилци, Бирино, Селце и Белушино - 2 евра.

Индустриската зона „Опаленик“ е посебна зона со вредност од 1,6 евра/м$^2$

За Викенд зоната на м.в. Вршник - 6 еур

За викенд населба „кај езерото“ - 2,4 еур, за викенд куќи - 9,5 еур

Зона за мало стопанство на м.В.„Габелово“ - 2,6 еур.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето со што престанува да важи Правилникот за постапка и критериуми за утврдување на пазарната вредност на земјишта бр.07-372/6 од 14.04.2014 година

**Бр.08-226/14 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М.“ бр.5/2002) член 26 од Закон за даноците на имот („Сл.весник на РМ бр.61/04, 92/07, 102/08,35/11 и 53/11“), член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево “ бр.1/2007 и 16/2014) и Методологија за процена на пазарната вредност на недвижен имот (“Сл.весник на РМ“ бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година донесе:

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНОСТИ**
**СПОРЕД ЗОНИ**

Член 1

Со овој Правилник за утврдување на пазарна вредност на недвижности се утврдува пазарната вредност според зони.

Член 2

Пазарната вредност според зони се утврдува со пресметковни бодови по м$^2$ функционална површина која се додава на утврдената градежна вредност намалена за амортизација и тоа според табеларниот приказ врз основа на член (16) од Методологија за процена на пазарната вредност на недвижен имот (“Сл.весник на РМ“бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14 )

Член 3

Пресметувањето на пазарната вредност според зони за градот Крушево, според постигнатите пазарни цени за поодделните видови недвижен имот во моментот на продажба, се зема 16 (шеснаесетта) зона и 17 (седумнаесетта) зона.

Истите се утврдени врз основа на поделба на територијата на градот Крушево прикажана на графичкиот приказ составен дел на овој Правилник.

Член 4

Пресметувањето на пазарна вредност на градежните објекти во населените места на Општина Крушево се врши врз основа на член 20 и член 21 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот (“Сл.весник на РМ“бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и тоа:

Населените места на Општина Крушево кои имаат статус на специфични подрачја (ридско планински, рурални, погранични и др. кои заостануваат во развојот), согласно закон градежната вредност претставува пазарна вредност.

Такви се: Арилево, Белушино, Борино, Бирино, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Острилци, Пуста Река, Селце, Норово и Јакреново согласно Одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија во периодот од 2009 до 2013 година објавена во “Сл. Весник на РМ“бр.78/2009 и 79/2009.

Додека за останатите населени места од Општината пресметувањето на пазарната вредност за индивидуалните станбени згради (куќи) микролокацијата се намалува за 50% од последната градска зона 17(седумнаесетта).

Член 5

Врз основа на член 10 од Методологија за процена на пазарната вредност на недвижен имот (“Сл.весник на РМ“бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) кај деловните згради и деловните простории и згради за одмор и рекреација (одморалишта, хотели, мотели, ресторани, кафеани и кафулиња) кои се наоѓаат во споменатите специфични подрачја за Општина Крушево, пазарната вредност се намалува за 50%.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесување со што престанува да важи Правилникот за утврдување на пазарна вредност на недвижности според зони бр.07-372/7 од 14.04.2014 год.

**Бр.08-226/15 од 26.02.2015 година.**

**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од

одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-124/1 од 29.01.2015 година од Парошка Кузманоска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-124/1 од 29.01.2015 година од Парошка Кузманоска од Крушево, со ЕМБГ 2208957448000.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200002669645438 во Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-226/16 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-969/1 од 01.12.2014 година од Ристевска Благица од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.07-969/1 од 01.12.2014 година од Благица Ристевска од Крушево, со ЕМБГ 0704968418014.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.240207001242545 во Уни Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-226/17 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-810/1 од 03.10.2014 година од Николоска Снежана од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.07-810/1 од 03.10.2014 година од Николоска Снежана од Крушево, со ЕМБГ 1005966448003.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200000740347157 во Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
**Бр.08-226/18 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014) и член 2, 3 и 4 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.08-148/1 од 03.02.2015 година од Ѓурѓа Блажеска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 26.02.2015 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.08-148/1 од 03.02.2015 година од Ѓурѓа Блажеска од Крушево, со ЕМБГ 0808948448006.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200002379126073 во Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.08-226/19 од 26.02.2015 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 31-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................ 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 30-та седница на Советот на Општина Крушево ............................................................................ 1
3.Одлука за утврдување на приоритет за реконструкција на постојната водоводна мрежа во Крушево ......................................................... 1
4. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крушево за 2015 година .................................... 2
5. Одлука за давање согласност за изградба на Спортска сала во с.Бучин .................................. 2
6. Одлука за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на Општина Крушево ............. 2
7. Одлука за формирање на Локален Младински Совет на Општина Крушево ............................. 3
8. Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Крушево за 2015........ 4
9.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Битола, Долнени, Ресен, Прилеп, Демир Хисар, Кривогаштани, Могила и Новаци ................................................. 4
10. Решение за именување на членови на Управниот Одбор на Домот на културата „Наум Наумовски-Борче” Крушево ............................. 5
11. Заклучок за усвојување на Процената на загрозеност на подрачјето на Општина Крушево за сите ризици и опасности ................................ 5
12. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за период од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година ................................ 5
13. Правилник за постапка и критериуми за утврдување на пазарна вредност на земјиште .. 6
14. Правилник за утврдување на пазарна вредност на недвижности според зони ............. 7
15. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Парошка Кузманоска од Крушево ................................................................................ 8
16. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Благица Ристеска од Крушево............................................................. 8
17. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Николоска Снежана од Крушево ............................................................................ 8
18. Решение за исплата на финансиски средства по барање од Блажеска Ѓурѓа од Крушево .. 8

Редакциски одбор на Општина Крушево.